**Одлука бр.37**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 09.10.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За определување на критериуми за креирање на ранг-листа за рангирани клубови кои ќе бидат дел од програмата-субвенции во спортот за 2024 година

**Член 1**

Тениска Федерација на Северна Македонија ќе ја креира ранг-листата на тениските клубови за влез во системот на финансирање на Министерството за спорт, според следните критериуми:

1. Бројот на натпреварувачи во Државните репрезентации во тенис на Северна Македонија во претходната 2023 година
2. Бројот на Државни прваци за категории 12, 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во претходната 2023 година
3. Пласман на регистрирани натпреварувачи во топ 10 на официјалните ранг листи на Тениска Федерација на Северна Македонија за категории 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во претходната 2023 година
4. Бројот на регистрирани натпреварувачи во претходната 2023 година
5. Пласман на клубовите во 1та Лига за Мажи во претходната 2023 година.

**Член 2**

Табела по која ќе се изврши рангирањето на клубовите:

| Критериум 1<br>Натпреварувачи во Државните репрезентации | Критериум 2<br>Број на државни прваци | Критериум 3<br>Пласман на регистрирани натпреварувачи во топ 10 на официјалните ранг листи | Критериум 4<br>Бројот на регистрирани натпреварувачи | Критериум 5<br>Пласман на клубовите во 1та Лига за Мажи |
|---|---|---|---|---|
| 1 тенисер, 5 бода<br><br>2 тенисери, 10 бода<br><br>3-5 тенисери, 20 бода<br><br>6-10 тенисери, 35 бода<br><br>Повеќе од 10 тенисери, 50 бода | 1 тенисер, 15 бода<br><br>2 тенисери, 25 бода<br><br>3-5 тенисери, 55 бода<br><br>6-10 тенисери, 80 бода<br><br>Повеќе од 10 тенисери, 100 бода | 1-2 тенисери, 25 бода<br><br>3-5 тенисери, 35 бода<br><br>6-10 тенисери, 50 бода<br><br>11-20 тенисери, 70 бода<br><br>Повеќе од 10 тенисери, 100 бода | За секој регистриран тенисер се добива по 1 бод | 1 место – 100 бода<br>2 место – 75 бода<br>3 место – 60 бода<br>4 место – 40 бода<br>5 место – 25 бода<br>6 место – 17 бода<br>7 место – 12 бода<br>8 место – 8 бода |

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува за номинација номинација на Тениски клубови за влез во систем на финасирање во Агенција за млади и спорт.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 09.10.2024 година

Тениска Федерација на Северна Македонија • Скопје •